К.О.Истибања, на земјиште во сопственост на Анче Јованов (К.П.бр.183) и во сопственост на Драги Ѓорѓиев (К.П.бр.184), а по Барање од Анче Јованов од с.Истибања, Виница, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-222/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 12/2022“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат на К.П.бр.183 и К.П.бр.184 К.О. Истибања, Виница

Член 1
Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат на с.Истибања, Виница, за вклопување на бесправно изграден објект доградба на Индивидуална станбена куќа (зграда 2) со намена А1-1 и помошни објекти (зграда 3, 4, 5), на К.П.бр.183, И.Л.бр.276 и К.П.бр.184, И.Л.бр.1602, К.О.Истибања, на земјиште во сопственост на Анче Јованов (К.П.бр.183) и Драги Ѓорѓиев (К.П.бр.184), со адреса „Село“, изградена во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Анче Јованов од с.Истибања, Виница, заведено под број УП1 бр.11-566 од 28.03.2016 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-222
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

85

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за неприфаќање на Барање од Здружение на пензионери - Виница, за преотстапување на простор за клубот на пензионерите во с.Јакимово

1.Се објавува Одлуката за неприфаќање на Барање од Здружение на пензионери - Виница, за преотстапување на простор за клубот на пензионерите во с.Јакимово, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-223/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), а по Барање број 09-76 од 26.01.2023 година, Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За неприфаќање на Барање од Здружение на пензионери - Виница, за преотстапување на простор за клубот на пензионерите во с.Јакимово

Член 1

Не се прифаќа Барањето од Здружение на пензионери - Виница, за преотстапување на простор за клубот на пензионерите во с.Јакимово бидејќи нема законски основ бараниот простор да се даде на Здруженија на граѓани (член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост „Сл.весник на РМ број 78/2015“).

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-223
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __
86

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Програма за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2023 година

1.Се објавува Програмата за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2023 година, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на 28.02.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-224/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 3 и член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република С. Македонија бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021 и 294/2021“), член 22 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2023 година

1.ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на жените и мажите, со цел:
-одржување на социјалната сигурност на жените и мажите;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на жените и мажите и
-зајакнување на капацитетите на жените и мажите за водење независен, активен и продуктивен живот.
Оваа програма поблиску ги уредува подрачјата на социјалната заштита, специфичните потреби на населението на општина Виница и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.
Во програмата се применети определбите на Локалната самоуправа со која се имплементираат стратешките приоритети на Општината за тековната година, согласно Буџетот на Општина Виница, но и мерките утврдени со политиката и документите на национално ниво.
Остварувањето на социјалната заштита во општина Виница се заснова на важечката законска регулатива и подзаконските акти во Република Северна Македонија и тоа: Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националата програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејство и други акти, врз основа на кои се утврдува социјалната заштита, специфичните потреби на мажите, жените и децата и начинот на остварување на социјалната заштита.
Програмата се повикува и на Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и на Стратегијата за родова рамноправност 2022-2026 г.
Социјалната заштита на граѓаните/ките, општина Виница ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност. Таа го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.
Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес и врз основа на Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.5/2002) член 22 точка 7, општините имаат надлежност да ја спроведуваат социјалната заштита во следните области: социјална заштита и заштита на децата (машки и женски) – детски градинки и домови за стари лица (мажи и жени) (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување), остварување на социјална грижа за инвалидните лица, слепи лица, деца без

родители и родителска грижа, деца со воспитно социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на девојчињата и момчињата од предучилишна возраст.Посебна грижа се предвидува на жени и мажи од т.н. ранливи групи. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

2.ВИЗИЈА на Годишната програма

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Приоритетите и мерките на програмата ќе бидат определени врз основа на анализа на состојбите на целокупната сфера на социјалното живеење и идентификуваните проблеми во неа. Притоа во анализата особено внимание ќе се посвети на проблемите и искуствата со кои се соочуваат различните категории и групи на граѓани/граѓанки.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјалната заштита, во општина Виница е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, девојчињата и момчињата како во градот така и во населените места.

Согласно член 2 од Законот за социјална заштита, социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени жените и мажите во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност),
- ризици на старост и стареење,
- ризици на еднородителско семејство,
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично,
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Категории на лица кои ќе бидат опфатени со оваа Програма кога ќе се најдат во исклучително тешка ситуација се:

- жени и мажи со интелектуална и телесна попреченост
- девојчиња и момчиња, деца без родители и родителска грижа
- девојчиња и момчиња, деца со посебни потреби
- девојчиња и момчиња, деца од еднородителски и социјално загрозени семејства
- тешко болни жени и мажи
- жени и мажи жртви на семејно насилство и сексуално злоупотребувани деца
- стари лица (жени и мажи) без семејна грижа
- жени и мажи погодени од елементарни непогоди, пожари, поплави и сл.
- жени и мажи, девојчиња и момчиња изложени на социјален ризик.

3.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

Со цел обезбедување на социјалната заштита за ранливите категории на граѓани/граѓанки, општина Виница во 2023 година, ќе ги спроведува следните активности:

Цел 1	**Финансиска помош за задоволување на основните биолошки и социјални потреби на ранливи категории (жени, мажи и жители/лки) од социјално загрозени семејства во Општина Виница**	
	Активност 1	Финансиска помош за социјално загрозени семејства
	Носители	Општина Виница
	Рокови	Тековно/според доставените Барања до совет
	финансирање	Општина Виница – двапати годишно 1000-3000 денари
	Индикатори	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
	Активност 2	Еднократна финансиска помош за лекување
	Носители	Општина Виница
	Рокови	Тековно според доставените Барања до совет
	финансирање	Општина Виница - еднократно 3000-6000 денари (потреба од хируршка интервенција во странство до 20 000 денари)
	Индикатори	Исплатени финансиски средства на трансакциска сметка
Цел 2	**Ублажување на последиците во случај на настаната елементарна непогода (земјотрес, поплави,пожар...)**	
	Активност	Материјална помош за жени и мажи погодени од елементарна непогода
	Носител	Општина Виница
	Рокови	Тековно /по доставени барања до совет
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 4.000-10.000 ден.
	Индикатори	Доставени материјали до барателот
Цел 3	**На жени и мажи во социјален ризик, девојчиња и момчиња од градинка и основните училишта им се обезбедува финансии за новогодишни пакетчиња**	
	Активност	Обезбедување новогодишни пакетчиња
	Носител	Општина Виница
	Рокови	Непосредно пред новогодишните и божиќните празници
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 60,000 ден.
	Индикатори	Доставени пакетчиња на корисниците

Цел 4	**Обезбедување на финансиска помош за Дневниот центар за реализирање на програмата за социјализација на корисниците во Дневниот Центар**	
	Активност	Реализирање на еднодневни и повеќе дневни екскурзии
	Носител	Општина Виница
	Рокови	Тековно по доставени барања до совет
	финансирање	Помошта ја обезбедува општината во висина до 30,000 ден.
	Индикатори	Доставени материјали до барателот

4.ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

За остварување на секоја мерките на социјална заштита се доставува барање до Советот на Општина Виница со образложение за потребата од помош.

Разгледувањето на поднесените барања од граѓаните (поединечно за секое барање) ќе го врши Комисија за еднакви можности и комисијата за финансии формирана од Страна на Советот на општина Виница.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка.
За остварување на мерката за финансиска помош за социјално загрозени семејства се доставува барање до Советот на општината, во прилог на кое се доставува потврда дека истите се невработени жени и мажи /корисници на социјална помош.Одобрените финансиски средства се исплаќаат на трансакциска сметка на корисникот.
За остварување на мерката за финансиска помош за жени и мажи, девојчиња и момчиња со здравствени проблеми во прилог на барањето до Советот на општината задолжително се доставува и медицинска документација за лекувањето.

4.1.Помош во случај на елементарни непогоди

Општина Виница во делот на социјална заштита предвидува можност за помош во материјал за обнова на опожарени куќи, поплавени куќи или штета настаната од друг вид на елементарна непогода. Често се случува овој вид на помош да им е потребна на жени и мажи, девојчиња и момчиња од семејства кои живеат во тешки супстандардни услови и во семејства кои имаат девојчиња и момчиња со посебни потреби.
Активностите во случај на елементарна непогода се состојат во:
-Поддршка на програми и активности за кризна интервенција за брзо и ефикасно дејствување во случај на непогоди

4.2.Организирање на хуманитарни акции

За потребите на маргинализираните групи: жени и мажи со посебни потреби, старите и изнемоштени лица, како и семејства со социјален ризик, Општината ќе организира собирни акции во облека и обувки, училишни помагала, средства за хигиена и друго, а за тешко болните жени и мажи, девојчиња и момчиња во соработка со Центарот за социјални работи ќе посредува за добивање на парична помош.
За овие акции општината ќе го вклучи Црвениот крст, Хуманитарно здружение Умиление Виница, КХАМ Делчево, Порака Виница и други невладини организации кои можат да помогнат во организирањето на хуманитарните акции.

4.3.Финансиска поддршка на жени и мажи од социјално загрозени семејства и поединци

За реализација на проекти за жени и мажи од социјално загрозени семејства и поединци ќе се финансираат: Оганизацијата на Црвен крст, Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија кои остваруваат активности од областа на социјалната и здравствената заштита на територијата на Општина Виница, за потребите на маргинализирани групи како: жени и мажи, девојчиња и момчиња со посебни потреби, жени и мажи корисници на социјална помош и слично.
За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.
Зголеменото учество на старото население во севкупното население е причина се повеќе да се актуелизира ова прашање, притоа создавајки услови за подобрување на квалитетот и подигање на стандардот за живот на старите жени и мажи. Општина Виница активно работи на:
-Вклучување на жени и мажи пензионери во акции и активности од поширок општествен интерес и значење и искористување на културниот и професионалниот ресурс кој можат да го понудат;
-поддршка на програми за збогатување на формите на активирање на жени и мажи пензионери преку културно - забавни, рекреативно - спортски, едукативно - здравствени и други активности.

5.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиските средства кои се потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Виница ќе се обезбедат од Буџетот на општина Виница во 2023 година.

Обезбедени се финансиски средства кои ќе ги користат жени и мажи од категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка финансиска состојба и во специфични услови и тоа:

Асоцијација за права на деца и млади со ПОП Ластовица 70.000,00денари

1. Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“……...80.000,00 денари
2. Жени и мажи односно семејства кои се нашле во положба на социјална односно материјална загрозеност.....1.000,00 до 3.000,00 денари
3. Жени и мажи погодени од елементарни непогоди, пожари и друго.....4.000,00-10.000,00 денари
4. Жени и мажи, девојчиња и момчиња од семејства кои имаат потреба од подолготрајно болничко лекување, а се социјално загрозени во висина од 3.000,00 - 6.000,00денари (потреба од хируршка интервенција во странство од 5.000,00 до 20.000 денари)
5. Девојчиња и момчиња без родители и родителска грижа и деца со пречки во менталниот или телесниот развој во висина од 2.000,00 до 5.000,00 денари

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на барателот, а за точките од 4 до 7 се постапува според правилник за утврдување на критериумите, условите, постапките и висината за доделување на финансиска помош.

БУЏЕТ

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Виница за 2023 година, а во вкупен износ од 400 000 денари и донации.

СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

За резултатите од следењето и реализацијата на активностите од Програмата ќе се подготви Годишен извештај, за кој одговорен ќе биде раководителот на одделението, а ќе ги подготвува општинскиот службеник одговорен за социјална заштита во координација со Комисијата за еднакви можности и со членовите на интерсекторската група преку доставени податоци од релевантните институции.

Годишниот извештај го усвојува Советот на Општина Виница што ќе биде објавено во службениот гласник. Исто така, во соработка со ИТ службата ќе се промовираат мерките и резултатите на веб-страната и социјалните мрежи.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 09-224/2
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец, донесен на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-225/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 12/2022“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец

1.Се усвојува Извештајот за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-225
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за измена на Одлука за определување на Пасивни населени места со изразена миграција во Општина Виница

1.Се објавува Одлуката за измена на Одлука за определување на Пасивни населени места со изразена миграција во Општина Виница, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-226/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од законот за Локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/20214, 12/2022“), член 6 став 1 точка 5 и став 3 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ број 61/2004, 64/2005, 92/2007 и 123/2012“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА

За измена на Одлука за определување на Пасивни населени места со изразена миграција во Општина Виница

Член 1

Во Одлуката број 07-575 од 27.08.2014 година, донесена од Советот на општина Виница, член 1 се менува и гласи:
Пасивни населени места со изразена миграција во Општина Виница се: с.Црн Камен, с.Калиманци и с.Грљани.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-226
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __
88

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Градец“

1.Се објавува Одлуката за обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Градец“, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-227/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница (“Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА

За обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Градец“

Член 1

Општина Виница ќе учествува на јавниот повик за прибирање на предлог-проекти за 2023 година до Бирото за регионален развој. Предмет на јавниот повик е доделување на средства за финансирање на проекти развој на селата.

Член 2

Вкупната вредност на проектот „Изградба на улица во село Градец“ е 2.150.287 денари, а се обезбедува кофинансирање во висина од 50% од вредноста на проектот, односно со вкупно средства во висина од 1.075.144 денари од Општина Виница.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-227
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски_ __
89

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Црн Камен“

1.Се објавува Одлуката за обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Црн Камен“, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-228/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница (“Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Црн Камен“

Член 1

Општина Виница ќе учествува на јавниот повик за прибирање на предлог-проекти за 2023 година до Бирото за регионален развој. Предмет на јавниот повик е доделување на средства за финансирање на проекти развој на селата.

Член 2

Вкупната вредност на проектот „Изградба на улица во село Црн Камен“ е 2.356.683 денари, а се обезбедува кофинансирање во висина од 50% од вредноста на проектот, односно со вкупно средства во висина од 1.178.342 денари од Општина Виница.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-228
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски
90

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Иво Лола Рибар, Виница“

1.Се објавува Одлуката за обезбедување на сопствено учество за проектот „Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Иво Лола Рибар Виница“, донесена на 17-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 28.02.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-229/2
28.02.2023 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.инг.геодет Миле Петков с.р

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница (“Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 12/2022“), Советот на општина Виница на 17-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За обезбедување на сопствено учество за проектот „Реконструкција на водоводна мрежа на ул. Иво Лола Рибар, Виница“

Член 1

Општина Виница ќе учествува на јавниот повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите. Предмет на јавниот повик е доделување на средства наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население.

Член 2

Вкупната вредност на проектот „Реконструкција на водоводна мрежа на ул. Иво Лола Рибар, Виница“ е 2.753.333,00 денари, а се обезбедува кофинансирање во висина од 15% од вредноста на проектот, односно со вкупно средства во висина од 413.000,00 денари од Општина Виница.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Виница.

Број 09-229
28.02.2023 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.геолошки инг.Ацо Ѓорѓиевски
91

Содржина

1.....Заклучок за повлекување на 1-та и 33-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
3.....Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2023 година.
Решение за објавување.
5.....Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2023 година.
Решение за објавување.
6.....Одлука за одобрување финансиски средства за одржување на спортско-рекреативната манифестација „Тодорови трки“- Виница.
Решение за објавување.
6.....Решение за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Виница.
Решение за објавување.
7.....Одлука за недавање Согласност на Завршна сметка на ЈП за комунално-производни и услужни работи Кале-Блатец за 2022 година.
Решение за објавување.
8.....Одлука за недавање Согласност на Одлука за утврдување на висината на цените на услуги за правни и физички лица од страна на ЈП за комунално-производни и услужни работи Кале – Блатец.
Решение за објавување.
9.....Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“- Виница, за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
9.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ „Гоце Делчев“- Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
10.....Одлука за давање Согласност на Програма за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Гоце Делчев“- Виница, за учебната 2022/2023г.
Решение за објавување.
10.....Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Славчо Стојменски“- Виница, за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
11.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ „Славчо Стојменски“- Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
11.....Одлука за давање Согласност на Програма за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Славчо Стојменски“- Виница за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
12.....Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Кочо Рацин“- с.Блатец, Виница за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
13.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ „Кочо Рацин“- с.Блатец, Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
13.....Одлука за давање Согласност на Програма за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Кочо Рацин“- с. Блатец за учебната 2022/2023г.
Решение за објавување.
14.....Заклучок по Барање од Совет на родители во ООУ „Кочо Рацин“-с.Блатец, Виница, за обезбедување на еден топол оброк за учениците.
Решение за објавување.
15.....Решение за разрешување член на Училишниот одбор на ООУ „Кочо Рацин“-с.Блатец, Виница.
Решение за објавување.
15.....Решение за именување член на Училишниот одбор на ООУ „Кочо Рацин“-с.Блатец, Виница.
Решение за објавување.
16.....Заклучок за усвојување на Полугодишен Извештај за работата на ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, Виница, во учебната 2022/2023г.
Решение за објавување.
16.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ„Никола Парапунов“- с.Драгобраште, Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
17.....Одлука за давање Согласност на Програма за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница, за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
18.....Заклучок за неусвојување на Полугодишен извештај за работата на СОУ„Ванчо Прке“- Виница, за учебната 2022/2023 година.
Решение за објавување.
18.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ„Ванчо Прке“- Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
19.....Одлука за неусвојување на Годишна сметка за 2022 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“ Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка за Наменски дотации.
Решение за објавување.
19.....Одлука за неусвојување на Годишна сметка за 2022 година на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“- Виница, за сметка за Сопствени приходи, сметка за Наменски дотации и Општинска буџетска сметка.
Решение за објавување.
20.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на Локален Археолошки и историски Музеј „Теракота“- Виница, за сметка за Сопствени приходи и сметка на основен буџет.
Решение за објавување.

21.....Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“- Виница, за сметка за Сопствени приходи, сметка за Наменски дотации, сметка за донации сметка за основен буџет.
Решение за објавување.
21.....Решение за престанок на мандатот на членови на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
22.....Решение за именување членови на Управниот одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“ Виница.
Решение за објавување.
22.....Одлука за неусвојување на Барање од Стојан Наковски од Виница на финансиски средства за лекување.
Решение за објавување.
23.....Одлука за неусвојување на Барање од Страшо Јованов од с.Трсино, Виница на финансиски средства за издржување на неговите малолетни деца.
Решение за објавување.
24.....Одлука за одобрување финансиски средства на Менду Асанов од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
24.....Одлука за одобрување финансиски средства на Анѓела Јанчева од с.Јакимово, Виница, за лекување.
Решение за објавување.
25.....Одлука за одобрување финансиски средства на на Сашко Темелков од Виница, за печатење на вториот том на книгата „Виничко Кале“.
Решение за објавување.
25.....Одлука за одобрување финансиски средства на набавка на градежни материјали за обновување на базентот за вода во с.Драгобраште, маало Бобии.
Решение за објавување.
26.....Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лаки и с.Истибања.
Решение за објавување.
27.....Одлука за определување на крајбрежен појас на регулирано корито на река „Лесковница“ во с.Лески, Општина Виница.
Решение за објавување.
28.....Одлука за утврдување на потреба од донесување Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат на КП бр. 496 КО Пекљани, Виница.
Решение за објавување.
28.....Одлука за утврдување на потреба од донесување Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат на КП бр. 2466/14 КО Трсино, Виница.
Решение за објавување.
29.....Одлука за утврдување на потреба од донесување Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат на КП бр. 2963 КО Градец, Виница.
Решение за објавување.
30.....Одлука за утврдување на потреба од донесување Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат на КП бр. 183 и 184 КО Истибања, Виница.
Решение за објавување.
31.....Одлука за неприфаќање на Барање од Здружение пензионери-Виница, за преотстапување на простор за клубот на пензионерите во с.Јакимово.
Решение за објавување
32.....Програма за остварување на социјална заштита во општина Виница за 2023 година.
Решение за објавување.
37.....Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Липец.
Решение за објавување.
37.....Одлука за измена на Одлука за определување на Пасивни населени места со изразена миграција во Општина Виница.
Решение за објавување.
38.....Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Изградба на улица во село Градец“.
Решение за објавување.
39.....Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Реконструкција на водоводна мрежа на ул. Иво Лола Рибар, Виница“.
РЕешение за објавување.